„Никој од вас нема да биде верник сè додека не ме сака повеќе од неговиот татко, неговото дете и од сите луѓе.“

Се пренесува дека Енес, радијаллаху анху, кажал: Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Никој од вас нема да биде верник сè додека не ме сака повеќе од неговиот татко, неговото дете и од сите луѓе.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè информира дека муслиманот нема да има целосно верување се додека не ѝ даде предност на љубовта кон Аллаховиот пратеник, пред љубовта кон неговата мајка, татко, син, ќерка и сите луѓе. Оваа љубов бара и да го следиме и помогнеме, и да не бидеме непослушни кон него.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5953